# УВОДНИ СТИХОВИ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 6 јануари 2024*

## ДОБРА ЦРКВА

**„И беа постојани во апостолското учење и општувањето; и во раскршувањето на лебот и во молитвите’“ (Дела 2,42).**

Добра и здрава црква е онаа црква која ги држи основните библиски начела и го прави следново:

**- го почитува Бога**

**- евангелизира**

**- ги поучува верниците**

**- шири љубов**

И како и првата црква, би требало и ние денес да го правиме истото.

**Почит кон Бога**. Треба да се состануваме за да го почитуваме Бога заедно, да учествуваме во христијанското заедништво, во кршењето леб, во молитвата и прославувањето (Дела 2,42.47). Бог мора да биде во центарот на сè што правиме во црква.

**Евангелизација.** И додека на другите им ја проповедаме радосната вест за Исуса Христа, Бог ќе го умножува бројот на верници на Црквата (стих 47). Сите можеме да учествуваме во објавувањето на Божата реч со остварување нови пријателства, споделување евангелски пораки на социјалните мрежи, со подарување книги или трактати кои зборуваат за Бога и Исуса Христа.

**Поучување на верниците.** Треба да бидеме поучливи и постојани во апостолската наука. Библијата е полна со упатства за секојдневниот христијански живот, па би требало да ја искористиме секоја прилика да научиме нешто ново и да го примениме тоа во животот, а исто така и да ги поучуваме другите.

**Љубов**. Љубовта најдобро се покажува преку грижата за потребите на другите и затоа целокупното наше проповедање на зборовите ќе има сила кога нашите добри дела сторени од љубов кон Бога и кон другите луѓе, ќе го потврдат она што го зборуваме.

Бидејќи секоја позитивна промена во нашиот карактер, ставовите и делата, имаат своја основа во нашиот однос кон Бога и дејству-

вањето на неговата сила во нас, Тој нека ни овозможи денес да примиме нов живот и мотивација својата црква да ја направиме вистински сведок на неговата љубов кон човекот.

*Сабота, 13 јануари 2024*

## ЗБОРОВИ НА СВЕТЛИНА

**„Исус пак прозбори натаму, велејќи: ʼЈас Сум Светлината на светот; кој Ме следи, нема да оди во темнина, туку ќе ја има Светлината на Живототʼ“ (Јован 8,12).**

Исус, учителот од гратчето Назарет, тврдел дека е светлината на светот. Тоа било неверојатно тврдење на човек од Галилеја во првиот век од новата ера, од зафрлено подрачје на римското царство. Тоа подрачје не можело да се пофали дека има некоја завидна култура и од него не произлегол некој познат филозоф, научник, писател или уметник.

Дотколку повеќе, Исус живеел пред пронаоѓањето на печатените книги, радиото, телевизијата и интернетот. Како можел да очекува дека неговите идеи и науката што ја промовирал, ќе се објавуваат и ќе се прошират низ целиот свет? Зборовите што ги изговарал се препуштени на сеќавањето на неговите следбеници. И тогаш Светлината на светот била изгасена од темнината, така барем изгледало.

Со векови подоцна, сè уште се восхитуваме кога ги слушаме Исусовите зборови коишто неговиот Татко чудесно ги сочувал. Тие нè изведуваат од темнината во светлината на Божјата вистина. Со тоа се исполнува ветувањето: „Кој ме следи, нема да оди во темнина, туку ќе ја има Светлината на животот“ (стих 12).

Ве охрабрувам да ги читате зборовите на Исус забележани во Евангелијата. Размислувајте за сè што ќе прочитате. Зборовите нека го проникнат вашиот ум и нека го променат животот. Ќе восклкнете исто како и Исусовите современици: „Никој никогаш не зборувал така, како што говори Овој Човек!“ (Јован 7,46).

*Сабота, 20 јануари 2024*

## НА КОЛЕНА

**„Бидете постојани во молитвата, бдејте во неа со благодарност!“ (Колошаните 4,2)**

*Еден автор го забележал своето размислување:*

Двете колена ме болат толку силно, но не можам да откријам од што. Не сум направил ништо со што би ги повредил и би предизвикал воспаление. Или можеби сум направил? Тогаш се сетив дека пред неколку дена работев на ѕидовите на куќата, ги чистев и ги подготвував за варосување. И потоа сите ги искречив. За цело време стоев на кусите скали за да го допрам врвот, па колената ги притискав од скалата за да одржам рамнотежа. Јас, впрочем, се потпирав на колената.

И тогаш се сетив на нешто: Кога последен пат ме здоболеле колената бидејќи долго сум клечел на молитва? Тоа беше многу одамна.

Иако е точно дека мнозина се молат, но не на колена, прашањето што себеси си го поставив, ме посрами. Без оглед дали сме на колена, дали стоиме или седиме, колку често се молиме, колку често молитвата е наша потпора и нѐ зајакнува? Помош ќе најдеме на многу страни: кај пријателите, на лекар, во книгите, но нема подобра потпора и сила од онаа што ја добиваме од Бога кога му се молиме.

„Делотворната молитва на праведникот има голема сила“, кажува апостол Јаков (Јаков 5,16). Во молитвата се наоѓа божествена сила. Затоа би требало да истраеме во молитвата: „Бидете постојани во молитвата, бдејте во неа со благодарност!“ (Колошаните 4,2).

Кога ќе клекнам пред својот Господ, можам да ја почувствувам неговата присутност, и Тој прави товарот на моите грижи и жалости полесно да го носам.

*Сабота, 27 јануари 2024*

## ЈАСЕН ПОВИК

**„Зборувај, Господи, Твојот слуга Те слуша“ (1. Самоилова 3,10).**

Во животот на секој искрен христијанин доаѓа време кога треба да одлучи за иднината - како ќе му служи на Бога или за некои свои планови. Често се случува, она што некој како студент го одбира, со текот на годините да се промени. Слушнал одреден повик од Бога за да се посвети на нешто што порано не го планирал.

Сакајќи да му помогне на својот народ да ја дознае чистата и права вистина за христијанството, едно момче, со веќе завршен факултет, ја напуштило својата стекната струка и се посветило на проповедање на евангелието на народот меѓу кој бил роден и пораснал. Не му било лесно, но знаел дека сите благородни работи во животот се навистина тешки, па го прифатил повикот што Бог му го упатил, да ја напушти својата струка и да се посвети на работа за која не се школувал. Со цело срце почнал да ја работи работата на којашто Бог го упатил.

Послушноста кон Божјиот повик е одговорна работа, но благословена. Да се биде под Божје водство е подобро отколку да се биде на најголемата општествена положба стекната со успешно школување.

Искуството на младиот Самоил, кого Бог го повикал, е слично на искуствата на мнозина кои одговориле на Божјиот повик да му служат објавувајќи го евангелието на својот народ: „Говори, Господе, те слуша твојот слуга!“

Можеме ли и ние денес да одговориме со истото уверување на Бога кога Тој нè повикува? Или ќе го игнорираме неговиот повик со оправдувања дека не сме школувани за таа работа или дека не се чувствуваме одговорни за народот на кој би требало да му служиме?

Бог нека нè направи корисни слуги на неговото евангелие, за да го прославиме и да им го објавиме спасението на ближните.

*Сабота, 3 февруари 2024*

## ДА СТРАДАМЕ СО ОНИЕ ШТО СТРАДААТ

**„Сотрен сум зашто е сотрена ќерката на Мојот народ“ (Еремија 8,21).**

Дневните весници секојдневно нѐ потсетуваат дека светот е полн со луѓе што страдаат. Суша го опустошила сиот род и луѓето останале без средства за следната година. Поплава однела многу куќи и усмртила многу жители на некое село. Два брода се судриле и преку илјада луѓе ги изгубиле своите животи. Терористи убиваат невини луѓе. Еден татко убил цело семејство. Разведени родители на суд се борат за збунетите деца. Како можеме да им помогнеме на луѓето коишто страдаат и се ожалостени од некој проблем?

Пророкот Еремија плачел, не заради она што веќе се случило, туку заради она што знаел дека ќе му се случи на неговиот народ. Видел како луѓето го затвориле и го скамениле своето срце за вистината. Затоа бил нажален за луѓето, за младите и за старите кои секојдневно ги посматрал. Знаел дека се приближува ден кога ќе навали непријателска војска да убива и пљачка, да ги одведе луѓето во ропство. Кога размислувал за она што ќе се случи, тажел и плачел. Толку плачел што го нарекле „пророк на плачот“.

Дали страдате и вие поради страдањата на другите луѓе? Дали ве трогнува кога сте свесни за некоја голема трагедија која го зафатила светот, иако е далеку од вас? Ако тоа не ве трогнува, замолете го Бога да го омекне вашето срце и да сочувствувате со страдањата на другите луѓе. Потоа направете нешто што ќе им помогне. Некогаш можете само да се молите за нив. Другпат можете да помогнете можеби со парични прилози. Ако навистина страдате со оние што страдаат, ќе посакате да направите нешто во Исусово име. Можеби тоа ќе бара да ја вложите вашата заштеда или драгоцено време, но така барем малку ќе им помогнете на оние што страдаат.

*Сабота, 10 февруари 2024*

## ГНЕВ ИЛИ ОДОБРУВАЊЕ

**„Бог ги виде нивните дела: дека се обратија од својот лош пат. И Господ се сожали заради несреќата со која им се беше заканил да ја направи, и не ја направи“ (Јона 3,10).**

Како се однесуваме кога Бог покажува милост кон луѓето за кои сметаме дека заслужуваат казна? Ако сме налутени, со тоа покажуваме дека сме заборавиле колку Бог нам ни простил.

Откако пророкот Јона се ѕвал на Божјиот втор повик да им проповеда на Ниневјаните за Божјиот суд (Јона 3,14), народот на тој град се обратил од своите зла, па Бог не ги уништил (стих 10). Меѓутоа, Божјата милост го разгневила Јона. Му рекол на Бога дека знаел оти тоа ќе се случи, и дека затоа побегнал во Тарсис „зашто знаев дека Ти си милостив и добар Бог, спор на гнев и богат со милосрдие, и дека се сожалуваш над несреќата“ (Јона 4,2).

Меѓутоа, Бог му одговорил на Јона: „А Мене да не Ми е жал за Нинивија, голем град, во кого има повеќе од сто и дваесет илјади луѓе, кои не знаат да ја разликуваат десната рака од левата, а покрај тоа и многу животни?“ (Јона 4,11).

Божјата чудесна милост е поголема од сите наши гревови.„Зашто по благодат сте спасени, преку верата, и тоа не е од вас самите - тоа е Божји дар! “(Ефесјаните 2,8) Заради неверојатната милост којашто Бог ја покажал кон нас, треба да бидеме „еден кон друг добри, милостиви, проштавајќи си еден на друг, како што и Бог ви прости вам во Христа“ (Ефесјаните 4,32).

Наместо да се гневиме затоа што Бог покажал својата милост и благонаклоност кон другите, тоа треба да го одобруваме.

*Сабота, 17 февруари 2024*

## ВИСТИНСКО ПРАШАЊЕ

**„’Господини, што треба да правам за да се спасам?’ Тие пак рекоа: „Верувај во Господа Исуса и ќе се спасиш ти и твојот дом“ (Дела 16,30.31).**

Да се постави вистинското прашање е исто толку важно како и да се даде вистинскиот одговор. Сепак, колку е само лесно да се избрзаме пред Божјиот Дух кога разговараме со неверник за Исуса Христа, нудејќи му „пакети„ одговори пред да ги сослушаме неговите прашања.

Токму тоа се случило пред неколку години кога некој, на ѕидот на една зграда во центарот на градот, ги напишал зборовите: „Одговорот е Христос!“

Апостол Павле и неговиот соработник Сила биле фрлени во затвор заради проповедање на Евангелието, и со своето однесување и со она што се случило, поттикнале важно духовно прашање кое им го поставил стражарот. Прашањето е поставено не затоа што му ги проповедале основите на христијанската вера, туку затоа што пееле во слава на Бога и му се молеле. И кога земјотрес ја отворил вратата на затворот и ги раскинал оковите, стражарот бил подготвен да се убие, од страв дека затворениците побегнале. Меѓутоа, Павле и Сила го спречиле во тоа, зашто одбрале да останат во затворот заради него. И дури потоа стражарот извикал: „Господини, што треба да правам за да се спасам?“

И денес, како и тогаш, Божјиот Дух ќе ги наведе луѓето да постават вистински прашања и тогаш ќе бидат подготвени да го прифатат вистинскиот одговор, а тој одговор е верата во Исуса Христа, единствениот Спасител.

Да ја проповедаме вистината за Исуса Христа и да ја покажеме неговата љубов.

*Сабота, 24 февруари 2024*

## „НЕ МОЖЕШЕ ДА ОСТАНЕ СКРИЕН“

**„Се крена оттаму и отиде во Тирскиот и Сидонскиот Крај. Влезе во една куќа и сакаше никој да не го дознае. А не можеше да остане скриен“ (Марко 7,24).**

Највредниот и најскап извозен производ од Бугарија е ружиното масло. За тој производ се плаќа голема царина при излезот од земјата. Некои турист, кој не сакал да плати извозна царина, се обидел да го избегне царинскиот преглед, па две шишенца од ружино масло скрил во торбата. Веројатно неколку капки се излеале од шишенцето. Кога туристот пристигнал на железничката станица, мирисот од ружиното масло се раширил насекаде, а тоа укажувало на скриеното богатство. Цариниците веднаш знаеле дека човекот сакал да го избегне плаќањето царина, па му го заплениле скапоценото масло.

Исто така ни Господа Исуса не можеме да го скриеме. Луѓето постојано се туркале околу Него за да ги слушнат неговите зборови, да ги исползуваат неговите дела на милост и Тој да им помогне во неволјите со своето сочувство.

Откако Исус се вратил кај својот небесен Татко, продолжил и понатаму да дејствува преку своите ученици. Луѓето сфатиле дека тие биле со Исуса (Дела 4,13). Нивното однесување кон другите ја откривало нивната поврзаност со Исуса Христа.

Дали живеете целосно за Исуса Христа? Дали Исусовата љубов се покажува во вашиот живот на таков начин што оние кои ве познаваат и сфаќаат дека сте вистински следбеник на Оној кој не може да се скрие? Ако е така, светот веднаш ќе согледа дека сте на Божја страни, во неговата служба. Кога сме насамо со Исуса и учиме од него од ден во ден, луѓето наскоро ќе видат дека сме поинакви во држењето, делата и зборовите.

Бог уште денес нека нè оспособи достојно да го претставуваме Исуса Христа, со нашите зборови и дела.

*Сабота, 2 март 2024*

## ДА БИДЕМЕ ПРИМЕР

**„Пасете го Божјото стадо, кое е меѓу вас, и надгледувајте го, не со сила, туку доброволно, како што Бог сака; не од желба за срамна печалба, туку од добро срце; и не како да господарите над оние, кои ви се доверени, туку бидете му пример на стадото“ (1. Петрово 5,2-3).**

Лавицата во своите заби им донела жива газела на своите млади лавчиња и ја пуштила пред нив. Откако лавчињата неколку пати неуспешно ја нападнале газелата која се обидувала да побегне, лавицата се вмешала и им покажала како треба да го фатат својот оброк.

Кога сретнуваат агент на осигурително друштво кој нуди животно осигурување, луѓето неговите зборови ги сфаќаат посериозно само тогаш кога тој со сопствениот пример покажува дека го има истото осигурување, односно верува во него и се потпира на него.

Ако сакаме другите да ги поучиме за тоа како да го запознаеме Бога и да му служиме, не можеме доволно да ја нагласиме важноста и силата на личниот пример. На таков начин Исус и апостолите ја пренесувале пораката на Евангелието. Нивната послушност кон Бога се гледала во секојдневните животни околности кои сите можеле да ги разберат и да ги прифатат.

Полесно се учи од пример. Апостол Павле ги споменува Солуњаните дека станале углед за сите верници во Македонија и Ахаја, примајќи ја Речта со радост (1. Солуњаните 1,6.7).

Водството е нешто повеќе од она што автоматски оди со името, како што се татко, мајка, пастор, свештеник, учител. Оние што сакаат другите да ги водат и да ги поучуваат, мора на прво место да бидат добар пример во сѐ. Залудни се прекрасната проповед и благородните зборови, ако не го покажеме со сопствениот пример она што го зборуваме и го поучуваме.

*Сабота, 9 март 2024*

## ПОГРЕШНА ВРАТА

**„Зашто епископот како Божји домоуправител треба да биде непорочен: не самољубив, не гневлив, не пијаница, не тепач, не лаком за срамна печалба“ (Тит 1,7).**

Едни весници известиле за интересен настан кој се случил на погребот на некој воен ветеран. Војниците на починатиот учествувале во обредот. Го замолиле свештеникот да ги одведе до ковчегот крај кој ќе поминат кратко време во тишина. Потоа свештеникот требало да ги одведен надвор низ задната врата.

Сѐ се одвивало со војничка прецизност додека свештеникот не отворил погрешна врата и војниците завршиле на делот за отпадоци. Војниците ,засрамени, морале потајно да излезат од таму.

Апостол Павле го оставил Тит на островот Крит да проповеда за Христа. Тит требало да постави старешини во црквата, зашто бројот на верници нагло пораснал. Освен проповедање на евангелието, следно по важност за Тит било да најде вистински луѓе кои ќе го преземат водството над црквата.

Навистина, црковните водачи би морале да одговараат на мерилата запишани во посланието до Тит 1,6-9. и да ги водат другите да созреваат во својата заедница со Исуса Христа.

Било да сте водач или следбеник, мора да знаете каде одите, зашто можеби ќе минете низ погрешна врата и ќе завршите во делот за отпадоци.

Затоа Бог нѐ повикува на постојано преиспитување, а саботниот ден ни е даден за да се сетиме како Бог нѐ водел до тогаш, каде во моментот се наоѓаме и каде треба да одиме. Да го искористиме на правилен начин.

*Сабота, 16 март 2024*

## ГОСПОДОВАТА ЗАПОВЕД

**„И Исус им рече: ’Врвете по Мене и Јас ќе направам да станете рибари на луѓе!’“ (Марко 1,17)**

Некогаш одамна, на брегот на Галилејското море, Исус му поставил на Симон Петар едно директно прашање: „Симоне Јонин, љубиш ли Ме?”(Јован 21,15-17). Потоа воскреснатиот Господ му рекол дека во иднина ќе доживее маченишво. И апостол Петар ја прифатил таа судбина без приговор.

Меѓутоа, тогаш Петар прашал што ќе биде со апостол Јован во иднина (стих 21). Што го поттикнало да го постави тоа прашање? Дали е тоа братска загриженост или телесна љубопитност? Дали се бунел затоа што сметал дека апостол Јован ќе избегне маченичка смрт?

Без оглед каква побуда имал апостол Петар, Исус му одговорил со прашање кое не се однесува само на Петар, туку на секој Исусов следбеник: „Исус му рече: ’Ако сакам тој да остане додека не дојдам, што ти е тебе? Ти следи Ме!’“ (стих 22) Во тој одговор Исус всушност рекол: „Не грижи се што ќе се случи во животот на некој друг. Твоја задача е искрено и верно да ме следиш“.

Мошне лесно си дозволуваме на нашиот однос со Господа Исуса да влијае однесувањето на другите луѓе и нивното искуство. Меѓутоа, не треба да бидеме загрижени што Бог сака за другите верници. И заради разните гласови што нѐ опкружуваат, а не се добри, мораме да се држиме за онаа заповед што Исус ни ја дал: „Ти следи ме“.

*Сабота, 23 март 2024*

## НЕ ВРТИ СЕ НАЗАД

**„Исус пак му рече: „Никој, кој ја ставил својата рака на ралото, а погледнува назад, не е достоен за Божјото Царство“** (Лука 9,62).

Не можете да изорате рамна бразда ако се вртите назад. Тоа можете и самите да го проверите ако се вртите назад додека одите по свеж снег или по песочна плажа. Вашите траги нема да бидат рамни. Добриот земјоделец никогаш не се врти назад кога еднаш ќе ја стави раката на својот плуг. Исус се послужил со тој пример за да нѐ поучи дека, ако сакаме да бидеме негови ученици, мораме во целост да раскинеме со она што ја спречува нашата преданост кон Исуса Христа.

Потполната преданост на Бога е начело длабоко вкоренето во Стариот завет. Израелците, откако биле ослободени од египетското ропство, добивале храна на чудесен начин, со копнеж гледале на оние денови кога уживале во јадењата како што биле рибата, краставиците, дињите и лукот што ги јаделе додека биле робови во Египет (4. Мојсеева 11,5.6). Бог бил мошне жалосен поради нивните поплаки и ги казнил. Нивното вртење кон минатото укажало на недостаток на доверба во Бога.

И денес, луѓето кои се врзуваат за старите гревови и световните уживања што ги имале пред да станат христијани, не можат да бидат предани Христови ученици. Кога ќе се покаеме и ќе му веруваме на Исуса Христа, стануваме граѓани на неговото царство. Меѓутоа, мора да раскинеме со гревовите од минатото. Всушност, ученештвото и фактот дека му припаѓаме на Исуса Христа, подразбира да не се вртиме кон минатото.

Бог нека нѐ зајакне да гледаме напред, во иднината.

*Сабота, 30 март 2024*

## ДА ОДИМЕ ВО НЕГОВАТА ПРАШИНА

**„И веднаш ги повика и, оставајќи го татка си Зеведеја со наемниците во коработ, тргнаа по Него“ (Марко 1,20).**

Во првиот век, секој Евреин кој сакал да стане ученик на рабин, морал да го напушти своето семејство и да му се придружи. Така тие би живееле заедно цели 24 часа на ден, би се движеле од место во место, би ги поучувале другите, но и би учеле и работеле. Притоа расправале за Светото писмо и учеле разни цитати напамет.

Повикот на ученииштво, како што е опишано во раните еврејски списи за основните етички начела, подразбирал „да се биде прекриен со прашината од рабинските чекори“, да се впива секој негов збор. Ученикот го следел својот рабин на секој чекор, па практично „одел во неговата прашина“. И така би станал ист како неговиот рабин, учител.

Симон, Андреј, Јаков и Јован знаеле за таквиот однос со Учителот кога ги повикал да го следат (Марко 1,16-20). Тие веднаш ја оставиле својата работа и тргнале по него. Полни три години биле со него, го слушале неговото проповедање, ги посматрале неговите чуда, учеле за неговите начела и оделе во неговата прашина.

Како Негови ученици, и ние денес можеме да „одиме во неговата прашина“. Кога минуваме време во проучување и размислување за неговите зборови запишани во Библијата и со примена на неговите начела во својот секојдневен живот, ќе станеме како нашиот рабин Исус Христос, Божјиот син, зашто верата во Христа не е само еден чекор туку траен од со него.

ГРАДИВО 1/2024
Уводни стихови

Издава:
Управниот одбор на Христијанската
адвентистичка црква во Р. Македонија

Уредил:
Мелита Томовска

Одговара:
Томе Трајков

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА